# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
## за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Битола за 2023 година

## ЗАКОНСКИ ОСНОВИ

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РСМ "бр.5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РСМ."бр.61/2004, 96/2004, 67/2007,156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21 год.) и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РСМ“бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09,95/10,180/11,171/12,192/15,167/16 и 151/21 ) на Советот на Општината Битола на 31 -та седница, Градоначалникот му предлага Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Битола за 2023 година.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2023 година се зголемуваат вкупните планирани средства во Буџетот на Општина Битола за **25.450.400,00 денари**.Во основниот Буџет планираните средства се зголемуваат за **24.526.371,00 денари** и тоа 17.726.371,00 денари по основ на доделени средства од ДДВ и 4.800.000,00 денари средства од предфинансирањето на проектот Бенефит и 2.000.000,00 денари средства од предфинансирање на проектот Интеграција зелен транспорт.

Сметката за самофинансирачки активности се зголемува за **890.509,00 денари** по барање на установата КИЦ и средства кои и се доделени од Министерството за Култура и СОЕУ Јане Сандански- Битола.

Приходите и расходите кај сметката за Дотации остануваат на исто ниво се врши само пренамени кај пооделни ставки по барање на буџетските корисници.

Средствата од Донации се зголемуваат за незначителни дополнителни средства во износ од **33.520,00 денари** кај донаторските сметки во ОУ Климент Охридски и ОУ Елпида Караманди.

Во расходниот дел се зголемува планираниот износ кај тековно-оперативните расходи за 62.830.925,00 денарии тоа за: плати и надоместоци од плати за 3.518.549,00 денари, за стоки и услуги 12.647.526,00 денари ( дезинфекција, деритизација,одржување на зелени површини, осигурување на недвижности, други договорни услуги, други оперативни расходи), камата на кредити 1.715.814,00 денари, субвенции и трансфери 44.749.036,00 денари од кои само за трансфери до спортски клубови и подршка на професионалниот спорт 31.700.000,00 денари, разни трансфери (дополнителни средства за бездомниците, за работниците за јавни работи,обезбедување на средства за патни трошоци на лица со ретки болести, за кофинансирање на проекти , за плаќања по судски решенија, зголемување на средствата за субвенции за клими, и други трошоци), социјални бенефиции за 200.000,00 денари.

Капиталните расходи ќе изнесуваат 512.493.504,00 денари.

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2023 година , се направени врз основа на промените во соодветните програми на секторите и одделенијата во општина Битола.

Во расходниот дел на сметките за самофинансирачки активности, наменска и блок дотација и донации се направени измени врз основа на барања од буџетските корисници.

# ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
# ПРИХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Битола со измените и дополнувањата во Буџетот за 2023 година се од :

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери и донации***

Приходите на Буџетот на општината за 2023 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република С.Македонија и со измените и дополнувањата на Буџетот за 2023 година се планираат износи кои се дадени во табелата:

| | Буџет | Ребаланс | |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 495.824.445,00 | 515.760.000,00 | **23,14%** |
| Неданочни приходи | 140.527.374,00 | 147.683.374,00 | **6,62%** |
| Капитални приходи | 118.050.000,00 | 93.362.792,00 | **4,19%** |
| Трансфери и донации | 1.449.435.674,00 | 1.472.481.727,00 | **66,05%** |
| **Вкупно**: | **2.203.837.493,00** | **2.229.287.893,00** | **100,00%** |

Од табеларниот приказ се заклучува дека најголемо учество во вкупните приходи со 66,05 % имаат приходите остварени од трансфери и донации, 23,14 % отпаѓаат на даночни приходи, додека останатите 6,62% се приходи од неданочни приходи и 4,19 % од капитални приходи.

***а) Даночни приходи***

Даночните приходи со измените и дополнувањата во 2023 година се планираат во износ од 515.760.000,00 денари, при што нивниот распоред по видот на даночниот приход е даден во табеларниот приказ :

| | Буџет | Ребаланс | |
|---|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 31.010.000,00 | 41.510.000,00 | **8,05%** |
| Даноци од имот | 189.250.000,00 | 163.750.000,00 | **31,75%** |
| Даноци од специфични услуги | 236.780.000,00 | 286.840.000,00 | **55,61%** |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 38.784.445,00 | 23.660.000,00 | **4,59%** |
| **Вкупно**: | **495.824.445,00** | **515.760.000,00** | **100%** |

Кај структурата на даночните приходи може да се забележи дека најголемо учество ќе имаат приходите остварени од данокот на специфични услуги, односно уредување на градежното земјиште со процент од 55,61%, додека данокот од имот, ќе учествува со 31,75%, данокот на доход, од добивка и од капитални добивки отпаѓа 8,05 %, што е во рамките на планираните средства, и такси за користење или дозволи за вршење на дејност со 4,59%.

***б) Неданочни приходи***

Структурата на неданочните приходи со измените и дополнувањата за 2023 година во вкупниот Буџет на Општина Битола е претставена во следната табела и тие се составени од приходи од други владини услуги, такси и надоместоци и други неданочни приходи .

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **722** | Глоби, судски и административни такси | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| **723** | Такси и надоместоци | 108.623.755,00 | 108.979.755,00 |
| **725** | Други неданочни приходи | 27.903.619,00 | 34.703.619,00 |
| | **Вкупно:** | **140.527.374,00** | **147.683.374,00** |

Кај неданочните приходи најголемо учество имаат такси и надоместоци 73,79%, следат други неданочни приходи 23,50%, и глоби, судски и административни такси 2,71%.

***в) Капитални приходи***

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 118.050.000,00 | 93.362.792,00 |
| | **Вкупно**: | **118.050.000,00** | **93.362.792,00** |

***г) Трансфери и донации***

Учеството на Трансферите од други нивоа на власт и Донациите од странство со измените и дополнувањата во вкупниот Буџет на Општината за 2023 година се застапени со следните износи:

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 1.367.385.995,00 | 1.390.398.528,00 |
| **742** | Донации од странство | 81.835.729,00 | 81.869.249,00 |
| 744 | Тековни донации | 213.950,00 | 213.950,00 |
| | **Вкупно**: | **1.449.435.674,00** | **1.472.481.727,00** |

Во делот на трансфери од други нивоа на власт доминираат дотациите од Буџетот на Република Македонија за остварување на надлежностите во основното образование средно образование, социјална детската заштита и противпожарната заштита.

Покрај наменските и блок дотации во овие приходи во основниот буџет на општината спаѓаат и средствата од Биро за регионален развој за Реконструкција на коловоз на главен уличен крак во с. Логоварди во износ од 2.329.001,00 денари, Реконструкција на локален пат с. Брусник во износ од 4.000.000,00 денари, средствата добиени од Фондот за патишта ( 10.927.946,00 денари), средствата од дотации од ДДВ се зголемуваат на (155.434738,00 денари), во ставката за пренесениот вишок на приходи од минатата година во основниот буџет спаѓа пренесен вишок на приходи на сметката на основниот буџет (120.751.654,00 денари).

Во донации од странство планирани се средства за финансирање на проекти кај основните,средните училишта од програмата Еразмус плус, и проекти на општината Бенефит, Интеграција на зелен транспорт по Градовите, Смарт за тебе 2, Креирање на можности за работа на сите, ОКР СРЦ19 и др. Тековните донации се планирани за средства од Фондот за иновации кои ги добиваат основните и средни училишта.

## РОДОВО БУЏЕТИРАЊЕ

Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост, што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики кои не можат да се надминат. Но, разликите кои ги наметнало општеството, стереотипите и општоприфатените родово - дискриминирачки модели, се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат.

Создавање повеќе и подобри работни места за жените на локално ниво, еднаков пристап до образование и професионална реализација, надминување на вкоренетите стереотипи за жените и мажите и нивните улоги во општеството преку кампањи, обуки и работилници, зајакнување на приходите на жените - што ќе значи безбедност во текот на целиот животен циклус, преку обезбедување на нивната економска самостојност, особено на ранливите социјални категории, инвестирање во родово одговорни - социјални услуги, зголемување на ресурсите за постигнување суштинска, а не само декларативна еднаквост, поддршка на женските организации на сите нивоа, создавање поволно опкружување за реализација на женските права во општина Битола, континуирана евалвација, преку генерирање докази, кои ќе бидат оценка за напредокот на женските економски и социјални права, преку родово одговорна статистика, изработка на формулари и прашалници, креирање родово сензитивен.

# ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Вкупните планирани расходи со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2023 година ќе изнесуваат **2.229.287.893,00** денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 981.794.157,00 | 985.312.706,00 |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 1.700.000,00 | 1.700.000,00 |
| **42** | Стоки и услуги | 522.022.902,00 | 534.670.428,00 |
| **45** | Каматни плаќања | 50.000,00 | 1.765.814,00 |
| **46** | Субвенции и трансфери | 129.396.405,00 | 174.145.441,00 |
| **47** | Социјални бенифиции | 4.500.000,00 | 4.700.000,00 |
| **48** | Капитални расходи | 549.874.029,00 | 512.493.504,00 |
| **49** | Отплата на главница | 14.500.000,00 | 14.500.000,00 |
| | **Вкупно:** | **2.203.837.493,00** | **2.229.287.893,00** |

Учеството на капиталните расходи со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2023 година е со 22,99% со што ќе се иницира изградбата на нова инфраструктура и ќе се подобрат јавните услуги.

Во делот на расходите за стоки и услуги на кои отпаѓаат 23,98% покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното образование и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина. Во Буџетот на Општина Битола се обезбедени средства за функционирање на 12 основни училишта , 6 средни училишта, 2 градинки, старски дом, и зоолошка градина. Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација и локалните јавни установи учествуваат со 44,20%.Субвенциите и трансферите во најголем дел ги опфаќаат трансферите до невладините организации,спортските клубови, ќе учествуваат со 7,81 %.Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,21% и резервите и недефинираните расходи со 0,08%, каматните плаќања со 0,08% и отплата на главница со 0,65%.

## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно - оперативните и капиталните расходи.

Во рамките на тековно - оперативните расходи доминираат расходите за стоки и услуги 31,14 % плати и надоместоци 57,39 % и субвенциите и трансферите со 10,14% со што се обезбедува редовна основна функција на општината и локалните јавни установи. Со пренесените надлежности во образованието и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина се зголемува фискалната одговорноста на општината.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 981.794.157,00 | 985.312.706,00 |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 1.700.000,00 | 1.700.000,00 |
| **42** | Стоки и услуги | 522.022.902,00 | 534.670.428,00 |
| **45** | Каматни плаќања | 50.000,00 | 1.765.814,00 |
| **46** | Субвенции и трансфери | 129.396.405,00 | 174.145.441,00 |
| **47** | Социјални бенифиции | 4.500.000,00 | 4.700.000,00 |
| **49** | Отплата на главница | 14.500.000,00 | 14.500.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.653.963.464,00** | **1.716.794.389,00** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, изградба на улици и патишта,водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината.Во капиталните расходи се планирани и средства за купување на мебел, опрема возила и машини. Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во општината.

Учеството на капиталните расходите со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2023 година ќе изнесува 22,99%.

| | | Буџет | Ребаланс |
|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 46.961.299,00 | 41.347.514,00 |
| **482** | Други градежни објекти | 474.343.730,00 | 442.842.890,00 |
| **483** | Купување на мебел | 13.922.000,00 | 7.902.000,00 |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 12.747.000,00 | 18.501.000,00 |
| **486** | Купување на возила | 1.900.000,00 | 1.900.000,00 |
| | **Вкупно:** | **549.874.029,00** | **512.493.504,00** |

# ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

## *АО-СОВЕТ НА ОПШТИНА*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со работата на советниците во Советот на општината и тоа за :

1. Надоместоци за советниците,
2. Дневници и патни трошоци,
3. Други трошоци директно поврзани со работата на советниците (телефонски сметки, материјални трошоци др.),
4. Други трошоци кои се директно поврзани со работата и надлежностите на Советот ( награди кои ги доделува Советот на општината и постојна резерва која ја одредува Советот).

Работата на Советот на Општина Битола со измените и дополнувањата ќе се финансира во износ од **20.435.000,00 денари**, во оваа програма имаме пренамена на средства за физички лица спортисти по огласот за поддршка на спортски клубови и поединци спортисти, и зголемување на ставката разни трансфери.

## *Д0- ГРАДОНАЧАЛНИК*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи кои се потребни за работа на градоначалникот на општината и тоа:

1. Плати и надоместоци за градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот,
2. Дневници и патни трошоци за градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот,
3. Други трошоци директно поврзани со работата на градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот (телефонски сметки, материјални трошоци др.),
4. Други трошоци кои се директно поврзани со работата на градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот (награди кои ги доделува градоначалникот и тековна резерва која ја одредува Советот).

Работата на Градоначалникот на Општина Битола со измените и дополнувањата ќе се финансира во износ од **9.673.440,00 денари .** Во оваа програма средствата се зголемуваат за 1.117.440,00 денари во делот на платите согласно измените во законот за плати на избраните и именовани лица, дел во трансферите за пензионирање и други трансфери каде се исплаќаат надоместоци од типот на боледување подолго од 6 месеци, смерт на член на потесно семејство и други трошоци.

## *Д1- МЕСНА САМОУПРАВА*

Средствата кои се предвидени во оваа програма се наменети за тековно одржување на месните заедници со измените и дополнувањата на Буџетот за 2023 година остануваат на исто ниво од **2.700.000,00 денари**.

***ЕО-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи кои се потребни за работа на општинската администрација и тоа:

1. Плати и надоместоци за вработените во општинската администрација, освен за градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот.
2. Тековно - оперативните трошоци потребни за работењето на општината, вклучувајќи го и работењето на советот, градоначалникот и кабинетот на градоначалникот (канцелариски материјал, телефонски сметки и интернет, потрошена електрична енергија, вода, тековно – оперативни трошоци поврзани со одржување на возила и објекти други трошоци) .

Средства кои се планираат за работата на општинската администрација со измените и дополнувањата се во износ од **190.070.497,00 денари.** Во оваа програма имаме намалување на среставата во износ од 404.503,00 денари. Направени се пренамени во поголем дел од ставките во најголем дел се зголемуваат ставките за осигурување на недвижен имот, каматни плаќања, плаќања по судски решенија**.**

***ЕА- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за следниве намени:

1. Набавка на опрема за потребите на општинската администрација, Советот на општината, градоначалникот и кабинетот на градоначалникот;
2. Набавка на возила за потребите на општинската администрација, Советот на општината, градоначалникот и кабинетот на градоначалникот и
3. Изградба на деловни објекти за потребите на општинската администрација, Советот на општината, градоначалникот и кабинетот на градоначалникот.

Програмата со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2023 година се планира со средства во висина од **20.517.266,00 денари**.

***Ф1- УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за урбанистичко планирање кои се однесуваат на подготовка и донесување на годишна програма за изработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место.

Средствата планирани во оваа програма се зголемуваат за **875.040,00 денари** во делот на обезбедување на средства за комисиите кои работат на урбанистичкото планирање и уредување на просторот.

***Г1-ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи наменети за финансирање на активности со цел обезбедување на поддршка на локалниот економски развој и тоа:

1. Издавање на информативен материјал и публикации со кои се промовира економскиот потенцијал на општината,
2. Одржување на локални саеми,
3. Активности наменети за зголемување на вработеноста преку соодветни тренинг програми

4. Активности поврзани со создавање и функционирање на локален пазар на труд на ниво на општината,
5. Активности поврзани со подобрување на економскиот потенцијал на фирмите кои работат на територијата на општината.

Расходите од оваа потпрограма се наменети за партиципација на општината во проекти , партиципација на општината во центарот за развој на Пелагонискиот регион, членарина за ЗЕЛС за тековно работење подршка на проекти кофинансирање на општината на проекти во соработка со Центарот за развој на пелагонискиот регион и подршка на други проекти, за инклузија на деца роми,стратегија за ЛЕСС,стратегија за локален развој,соработка за локален волонтерски совет и совет на млади, обуки за превенција од заразни болести, реализација на проект за Почиста Битола, трансфери за социјален погреб, трансфер на средства на Регоналниот центар на слепи лица и др .

Со измените и дополнувањата во буџетот,планираните средства во оваа програма се зголемуваат за **7.862.877,00 денари** и тоа во најголем дел за 1.000.000,00 денари за патни трошоци за лица со ретки болести, дополнителни средства од 1.500.000,00 денари за ангажирање на лица за вршење на јавни работи, дополнителни 500.000,00 денари за сместување на бездомниците, 5.227.500,00 денари кофинансирање во проетот Баир здружена акција и 88.560,00 денари доплата за членарина кон Зелс .
Во колоната Донации испланираните средства за реализација на проектите: Креирање на можности за работа за сите, ОКР СРЦ 19, Бенефит ( тековно-оперативните расходи) во износ од **5.360.580,00 денари,** остануваат на исто со измените и дополнувањата на буџетот за 2023 година.

***Г2-ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ***

Во оваа програма се планираат расходи наменети за финансирање на активности со цел поддршка на туризмот во општината.
Средствата наменети во оваа програма во износ од **1.300.000,00 денари,** се намалуваат за 295.000,00 денари.Средствата се префрлаат во програмата ЕА-Капитални трошоци на општината за изработка на дрвени куќарки -штандови.
Во колана Донации планираните средства ( тековно-оперативни расходи) за реализација на проектите Смарт-кул-тур и Смарт за тебе 2 во износ од **23.028.463,00 денари**, остануваат на исто ниво.

***ГД-ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со подобрување и унапредување на енергетската ефикасност на локално ниво.
Планираните средства за подготвување на проекти и реконструкција на капацитети во енергетиката се зголемуваат за незначителни 15.093,00 денари. За реконструкција на капацитети во енергетиката планираните средства во висина од **3.000.000,00 денари останувааат на исто ниво.**

***Ј2- ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ***

Оваа програма го опфаќа субвенционирањето на јавното претпријатие Жабени , и јавното претпријатие Нискоградба. Средствата потребни за покривање на тековно-оперативните трошоци кај двете претпријатија остануваат на исто ниво **900.000,00 денари.**

***Ј3- ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување и функционирање на системите за јавно осветлување во општината.

Со измените и дополнувањата на буџетот на Општина Битола за 2023 година, средствата планирани во оваа програма се зголемуваат за одржување на други градби за 1.000.000,00 денари и вкупниот износ за реализација на програмата ќе изнесува **54.220.512,00 денари.**

***Ј4- ЈАВНА ЧИСТОТА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на јавната чистота во општината, односно собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на местата за селективно собирање на отпад од страна на ЈП Комуналец - Битола.

Програмата е планирана да се реализира со средства во висина од **18.000.000,00 денари,** со измените и дополнувањата останува на исто ниво.

***Ј5- ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ***

Оваа програма го опфаќа субвенционирањето на јавното меѓуопштинско претпријатие , средствата му се потребни за покривање на тековно-оперативните трошоци вкупната сума изнесува **699.770,00 денари** која и со измените и дополнувањата останува на исто ниво.

***Ј6- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА,УЛИЦИ,И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со:

- Активности за редовно одржување на коловозот и патот;
- Чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, усеци изасеци, чистење и уредување на одводите на патот, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидови, тунели и други објекти на патот;
- Одржување на прегледност на патишта;
- Чистење на снег и мраз на коловозот, посипување на коловозот со сол или други абразивни средства и
- Чистење, замена и поравка на хоризонтална и вертикална сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патот и на друга опрема на патот.

Програмата се планира да се финансира со средства во висина од **26.608.688,00 денари** кои остануваат на исто ниво со измените и дополнувањата.

***Ј7- ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на постојните паркови и обновување на зеленилото во општината од страна на ЈП Комуналец- Битола.

Со измените и дополнувањата на Буџетот за 2023 година средствата за финансирање на оваа програма се зголемуваат за 2.000.000,00 денари заради зголемен обем на работа на претпријатието.

***Ј8- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за дезинсекција, дератизација и за субвенционирање на јавните претпријатија.

ЈП Пазари се субвенционира со средства во висина од **3.000.000,00 денари.**

ЈКП Паркинзи се субвенционира со средства во висина од **1.950.000,00 денари.**

Во оваа програма планираните средства за дезинфекција, деритизација, дезинсекција се зголемуваат за **1.139.800,00 денари** заради покасно пристигнати фактури од избранот добавувач.

***ЈА- ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со набавка, реконструкција и поставување на нови системи за јавно осветлување.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **11.398.903,00 денари** кои остануваат на исто ниво и со измените и дополнувањата на буџетот за 2023 година.

***ЈД- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба и реконструкција на локални патишта и улици,подготвување на проекти за улици и патишта како и надомест за одземен имот.

Со измените и дополнувањата на буџетот за 2023 година се зголемуваат средствата во оваа програма за 10.217.326,00 денари.Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **99.960.723,00 денари** од кои за подготвување на проекти за улици и патишта и мостови **се 13.064.752,00 денари и 76.595.971,00 денари** за изградба и реконструкција на улици и патишта и **10.300.000,00 денари** за експропријација.

Во колоната Донации планираните средства за реализација на капиталните расходи за проектот Смарт за тебе 2 во износ од **942.172,00 денари** остануваат на исто ниво.

***ЈФ- ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со поставување и заменување на сообраќајните знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно подигање на вертикална и хоризонтална сигнализација.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **4.780.115,00 денари** и со измените и дополнувањата на буџетот останува на исто ниво.

***ЈГ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема, подготвување на проекти за капацитети за водоснабдување.

Програмата се планира да се зголеми за 8.125.170,00 денари и вкупниот износ за реализација на програмата е **15.442.009,00 денари** од кои средства **1.594.260,00 денари** за проекти за водоснабдување **и 13.847.749,00 денари** за изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување.

***ЈИ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на канализациониот систем (атмосферска и фекална канализација) на територијата на општината и набавка на потребната опрема,подготвување на проекти и др.

Средствата за реализација на оваа програма се зголемуваат за 5.462.148,00 денари.Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **24.360.356,00** денари и тоа за подготвување на проекти за атмосферска и фекална канализација **3.332.250,00 денари** и за изградба и реконструкција на атмосферска и фекална канализација **21.028.106,00 денари.**

***ЈЛ- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за други комунални услуги како изградба и реконструкција на други објекти и подготвување на проекти за други објекти.

Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **29.740.412,00 денари** во овие средства се испланирани средства за подготвување на проекти за други објекти во износ од **13.278.412,00 денари**, **12.162.000,00 денари** за изградба и реконструкција на други објекти и надзор над изградбата во висина од **4.300.000,00 денари.**
Во колоната Донации планирани се средства за реализација на проектот Смарт за тебе 2 во износ од **24.721.370,00 денари.**

***К3-МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ***

Во оваа програма се планирани средствата за функционирање на двете установи Зоолошката градина и КИЦ. Со овие измени и дополнувања ,платите на вработените и тековно - оперативните расходи се финансираат од блок дотации од Министерство за Култура и пренесениот вишок на приходи од минатата година во износ од **13.313.797,00 денари** , за сите останати активности на Зоолошката градина ги користи средствата од Самофинансирачки активности за која доставува финансиски план до општината и се предвидени средства во висина од **970.000,00 денари** и средства од буџетот на општина Битола во износ од **2.300.000,00 денари.**

Во оваа програма од минатата година се планираат средства во висина од **9.358.587,00 денари** за плати и средства за реализација на програмските активности на установата КИЦ од основниот буџет и од Самофинансирачки активности ќе се финансира со средства во висина од **2.734.509,00 денари** со измените и дополнувањата на буџетот.

***К4-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за културните манифестации во Општина Битола вградени во Програмата за Култура за 2023 година.

Со измените и дополнувањата програмата се планира да се реализира со средства во висина од **16.500.000,00 денари.**

***КА-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (Капитални трошоци)***

Во колоната Самофинансирачки активности планирани се средства за капитални расходи на зоолошката градина кои со измените и дополнувањата се во износ од **90.000,00 денари**.

***ЛО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со организирање на спортски активности манифестации, поддржување на натпревари на општинско ниво, поддршка на училишниот спорт, поддршка на масовни спортско рекреативни активности на граѓаните и друго.
Со измените и дополнувањата на буџетот програмата се планира да се реализира со средства во висина од **69.600.000,00 денари** или зголемување од 32.200.000,00 денари.

***ЛА-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ( Капитални трошоци)***

Во рамките на оваа програма се планираните средства за купување на спортски реквизити за училиштата во висина од **500.000,00 денари** остануваат на исто ниво.

***Н1-ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на основните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во основните училишта и тековно-оперативни трошоци.

Во колона Буџет во програмата Н1- Основно образование планираните средства со измените и дополнувањата на буџетот се зголемуваат за 3.982.049,00 денари и ќе изнесуваат **41.568.000,00 денари**.

Планираните средства во сметките за Самофинансирачки активности со измените и дополнувањата на буџетот се намалуваат за 99.040,00 денари и ќе изнесуваат 5.888.760,00 денари.

Од блок дотациите се финансираат платите и тековното одржување на училиштата со средства во висина од **513.300.048,00 денари** кои остануваат на исто ниво.

Во колоната Донации со измените и дополнувањата на буџетот на општината се зголемуваат средствата за 33.520,00 денари по барање на буџетските корисници за дореализација на добиените проекти.

***Н2- СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на средните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во средните училишта и тековно-оперативни трошоци.

Со измените и дополнувањата, средствата кај сметките Самофинансирачки активности се зголемуваат за 260.000,00 денари по барање на буџетските корисници и ќе изнесуваат **10.138.600,00 денари**.

Од блок дотациите се финансираат платите и тековното одржување на училиштата со средства во висина од **357.869.552,00 денари** кои остануваат на исто ниво.

Во колоната Донации се предвидени средства за тековно- оперативни расходи во висина од **10.554.900,00 денари** за реализација на проекти кај средните училишта: "Јосип.Б.Тито", "Кузман Шапкарев", "Таки Даскало", "Ѓорѓи Наумов", "Јане Сандански " "д-р Јован Калаузи" и тие средства остануваат на исто ниво со измените и дополнувањата.

***НА-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма планираните средства за капиталните расходи од Самофинансирачки активности кај основните училишта се зголемуваат за 99.040,00 денари и ќе изнесуваат **1.191.040,00 денари,** во Основниот буџет средствата се зголемуваат за 160.000,00 денари и ќе изнесуваат **1.981.000,00 денари** и капиталните расходи од Донации кај основните училишта во износ од **307.500,00 денари** остануваат на исто ниво.

***НБ-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма планираните капиталните расходи од Донации кај средните училишта остануваат на исто ниво во вкупен износ од **418.950,00 денари,** и капиталните расходи кај средните училишта во сметката Самофинансирачки активности се зголемуваат за 96.000,00 денари и ќе изнесуваат **2.651.000,00 денари.**

***Р1-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

Со измемите и дополнувањата во буџетот на општина Битола средствата планирани за реализација на оваа програма се зголемуваат за 1.845.124,00 денари и тоа 1.000.000,00 денари за заловување на кучињата и 3.445.124,00 денари за дополнителни средства за субвенции за климите, а се намалуваат средствата за субвенции за енергетска ефикасност за колективни згради за 2.600.000,00 денари. Вкупниот износ за реализација на програмата ќе биде **10.817.124,00 денари.**

Во колоната Донации планираните средства за тековно-оперативните трошоци за проектот Интеграција на зелен транспорт во износ од **2.089.000,00 денари** остануваат на исто ниво.

***РА-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Во оваа програма планираните капитални расходи поврзани со унапредување и заштита на животната средина и природа со измените и дополнувањата на буџетот остануваат на исто ниво од 1.500.000,00 денари.
Во колоната Донации предвидените капиталните расходи за реализација на проектот Интеграција на зелен транспорт во висина од **900.000,00 денари** остануваат на исто ниво.

***В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на детските градинки и тоа: плати и надоместоци на вработените во градинките и тековно -оперативни трошоци.

Со измените и дополнувањата на буџетот средствата кои детските градинки ги добиваат како корисници на блок дотација од Министерство за Труд и социјална политика остануваат на исто ниво **164.189.764,00 денари,** наменети се за плати и надоместоци од плати и тековно-оперативни расходи**.** Планираните средства од Самофинансирачки активности кои изнесуваат **47.379.000,00 денари** остануваат на исто ниво.Во колона Донации предвидените средства од донации во висина од **360.000,00 денари** за донации кои треба да ги добие градинката Естреја.О.Мара со измените и дополнувањата на буџетот остануваат на исто ниво.

***ВА- КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Капиталните расходи за детските градинки од сметката Самофинансирачки активности во износ од **10.490.000,00 денари** со измените и дополнувањата на буџетот на општината останувааат на исто ниво.

***В2-ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на домовите за стари лица и тоа: плати и надоместоци на вработените во домовите за стари лица и тековно-оперативни расходи.

Со измените и дополнувањата на буџетот средствата од Самофинансирачката сметка остануваат да бидат планирани на исто ниво од **24.400.000,00 денари**.

Блок дотацијата која ја добива од Министерство за труд и социјална политика останува исто така планирана на исто ниво од **21.194.691,00 денари** и се наменети за плати на вработени и тековно одржување на Домот за стари лица.

***ВБ- КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА***

Планираните капиталните расходи за Домот за стари лица во делот на сметката Самофинансирачки активности во износ од **600.000,00 денари** остануваат на исто ниво.

***Ђ0-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА***

Со измените и дополнувањата на буџетот на оштината средствата планирани за реализација на оваа програма во основниот буџет на општината се зголемуваат за 2.989.109,00 денари во најголем дел за плати за вработените во ТППЕ кои недостигаат во наменската и блок дотација од Министерството за одбрана, додека средствата планирани од наменската и блок дотација од Министерството за одбрана во износ од **19.800.000,00 денари** остануваат на исто ниво и се наменети исклучиво за плати на вработените во ТППЕ- Битола.

***ЂА-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА***

Во оваа програма планираните капиталните расходи за ТППЕ во износ од 750.000,00 денари се намалуваат и ќе изнесуваат **500.000,00 денари**, а се наменети за купување на опрема и машини за ТППЕ- Битола.

***Џ1-РОДОВА ЕДНАКВОСТ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со родовата еднаквост. Програмата е вградена во програмата за работа на КЕМ и се планираат активности во делот воведување на родовиот пристап во креирање на политики, донесување на одлуки и пристап до ресурсите на општината. Родовата еднаквост преку образование, култура, медиуми, здравство, социјална заштита, спорт и против родово основано насилство и трговија со луѓе.

Со измените и дополнувањата програмата се планира да се реализира со средства во висина од **2.000.000,00 денари,** за 500.000,00 денари повеќе за прифатилиштето од семејно насилство.

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Планот на програмите за развој претставува среднорочен приказ на програми кои се наменети за развојни инвестиции и истиот ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства во општината по одделни буџетски програми и потпрограми ,години во кои истите ќе се реализираат и изворите на нивното финансирање.
Со измените и дополнувањата во Развојната програма се направени следните измени:

| | | Буџет 2023 година | Ребаланс 2023 година |
|---|---|---|---|
| **JDA** | **Реконструкција на дел од улица „Довлеџик“** | **703.000,00** | **703.000,00** |
| **JDC** | **Изградба на улична мрежа во с. Долно Оризари** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| **JDD** | **Изградба на улици во СРУ 5 во АРМ** | **4.583.797,00** | **4.583.797,00** |
| **JDE** | **Изградба на дел од улица Крушевска република** | **12.829.250,00** | **12.829.250,00** |
| **JDF** | **Реконструкција на улица Македонска фаланга** | **5.095.460,00** | **5.095.460,00** |
| **JDH** | **Реконструкција на улица покрај св. Неделските гробишта** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| **JDJ** | **Реконструкција на улица 7 ми јули** | **4.000.000,00** | **2.400.000,00** |
| **JDK** | **Реконструкција на улица Булевар 1- ви мај** | **7.062.267,00** | **7.062.267,00** |
| **JDL** | **Реконструкција на улица Солунска** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| **JDN** | **Реконструкција на паркинг простор кај спортската сала Боро Чурлевски** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| **JDO** | **Изградба на улична мрежа во с. Оптичари** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| **JDP** | **Реконструкција на улица Наум.Н.Борче** | **4.417.026,00** | **4.417.026,00** |
| **JDQ** | **Кружен тек Довлеџик и пат до новиот мост (влез од Охрид)** | | **100.000,00** |
| **JDS** | **Реконструкција на коловоз на улица Стив Наумов** | **3.000.000,00** | **3.000.000,00** |
| **JDT** | **Изградба на улици СТУ 1 во АРМ четврт 1** | **4.228.240,00** | **4.228.240,00** |
| **JDU** | **Изградба на улична мрежа во с. Егри и с. Лажец** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| **JDW** | **Реконструкција на локален пат с. Трново до границите на НП Пелистер** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| **JDX** | **Изградба на улична мрежа во Горно Оризари** | **1.000.000,00** | **1.000.000,00** |
| **JDZ** | **Реконструкција на коловоз на улица Бурса** | **100.000,00** | **100.000,00** |
| **JGB** | **Реконструкција на водоводна мрежа на ул Солунска втора фаза** | **1.000.000,00** | **1.278.735,00** |
| **JGJ** | **Реконструкција на водоводна мрежа (влез од Охрид)** | | **100.000,00** |
| **JGM** | **Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Булевар 1-ви Мај“** | **2.937.733,00** | **2.937.733,00** |
| **JGN** | **Реконструкција на водоводна мрежа на ул Стив Наумов** | **3.000.000,00** | **3.000.000,00** |
| **JGR** | **Реконструкција на водоводни приклучоци во Горно Оризари** | | **100.000,00** |
| **JGS** | **Изградба на водоводна мрежа до с. Брусник** | **1.500.000,00** | **1.500.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| JGV | Реконструкција на водоводна мрежа на улици во населба Недопирливи | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| JIE | Реконструкција на канализациона мрежа во населба Недопирливи | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| JIF | Реконструкција на мешовита канализација на краци во Горно Оризари | | 100.000,00 |
| JIJ | Изградба на атмосферска и фекална канализација на влез кон Охрид | | 100.000,00 |
| JIN | Реконструкција на канализациона мрежа на ул Стив Наумов | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| JIP | Изградба на систем за одведување и прочистување на отпадни води во НП Пелистер | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| JIR | Реконструкција на канализациона мрежа на улица Солунска втора фаза | 1.000.000,00 | 1.200.122,00 |
| JLA | Изградба на парк | 14.000.000,00 | 14.000.000,00 |
| JLB | Адаптација на објект (миленичиња) | 46.586.092,00 | 5.000.000,00 |
| JLJ | Употреба и одржување на ЛИП | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| JLR | Изградба на парк со реквизити | | 2.559.000,00 |
| KAM | Партерно уредување околу Офицерски дом | 16.974.282,00 | 17.055.040,00 |
| KAR | Набавка,транспорт и монтажа на канделабри | 5.025.718,00 | 5.025.718,00 |
| LAA | Реконструкција на стадион под Тумбе кафе | 34.618.332,00 | 26.618.332,00 |
| LAB | Изградба на мултифункционален спортски комплекс | 500.000,00 | 500.000,00 |
| LAE | Реконструкција на спортски игралишта во ОУ Елпида Караманди | | 1.000.000,00 |
| LAN | Изградба на атлетска патека на стадион под Тумбе кафе | | 100.000,00 |
| LAT | Поставување на урбана опрема за спортско рекреативни активности | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| LAV | Реконструкција на спортски игралишта во Брусничка населба | | 100.000,00 |
| VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 19.839.407,00 | 19.839.407,00 |
| WAA | Противпожарна заштита (капитални расходи) | 2.150.000,00 | 2.150.000,00 |
| GDP | Реконструкција на улично осветление (влез од Охрид) | | 100.000,00 |
| | ВКУПНО | 216.150.604,00 | 169.783.127,00 |

*Изработил*
*Сектор за финансиски прашања*